# Службен гласник
## на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 8
24 август 2020 година

Година LVII


СОДРЖИНА


| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 283. | Решение за објавување на Решение за престанок на мандат | 337 |
| 284. | Решение за престанок на мандат на Сашко Николов | 337 |
| 285. | Решение за објавување на Решение за престанок на мандат | 338 |
| 286. | Решение за престанок на мандат на Иван Јорданов | 338 |
| 287. | Решение за објавување на Решение за избор на претседател и членови на Верификациона комисија | 339 |
| 288. | Решение за избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општина Штип | 340 |
| 289. | Решение за објавување на Извештај на Верификационата комисија за верификација на член на Советот на Општина Штип | 340 |
| 290. | Извештај на Верификационата комисија за верификација на член на Советот на Општина Штип | 341 |

| | | |
|---|---|---|
| 291. | Решение за објавување на Решение за верификација на мандат | 342 |
| 292. | Решение за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Штип | 342 |
| 293. | Решение за објавување на Одлука за дополнување на Деловникот за работа на Советот на Општина Штип | 343 |
| 294. | Одлука за дополнување на Деловникот за работа на Советот на Општина Штип | 343 |
| 295. | Решение за објавување на Одлука за редовно ажурирање на „Процената на загрозенста на подрачјето на Општина Штип од сите ризици и опасности“ | 345 |
| 296. | Одлука за редовно ажурирање на „Процената на загрозенста на подрачјето на Општина Штип од сите ризици и опасности“ | 345 |
| 297. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општинска установа за култура „Дом на млади“-Штип за 2021 година | 346 |
| 298. | Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општинска установа за култура „Дом на млади“-Штип за 2021 година | 347 |
| 299. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈП „Исар“-Штип за 2021 година | 348 |
| 300. | Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈП „Исар“-Штип за 2021 година | 348 |
| 301. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈП „Стипион 2011“-Штип за 2021 година | 349 |
| 302. | Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈП „Стипион 2011“-Штип за 2021 година | 350 |
| 303. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици и формирање на комбинирани паралелки во ООУ „Ванчо Прке“-Штип во учебната 2020/2021 година | 350 |
| 304. | Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици и формирање на комбинирани паралелки во ООУ „Ванчо Прке“-Штип во учебната 2020/2021 година | 351 |
| 305. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Јане Сандански“-Штип во учебната | 353 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2020/2021 година | |
| 306. | Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Јане Сандански“-Штип во учебната 2020/2021 година | 353 |
| 307. | Решение за објавување на Одлука за ослободување од плаќање на материјални трошоци на родителите во ЈУДОДГ „Вера Цирвивири-Трена“-Штип | 354 |
| 308. | Одлука за ослободување од плаќање на материјални трошоци на родителите во ЈУДОДГ „Вера Циривири-Трена“-Штип | 355 |
| 309. | Решение за објавување на Одлука за ослободување од плаќање на материјални трошоци на родителите во ОЈУДГ „Астибо“-Штип | 355 |
| 310. | Одлука за ослободување од плаќање на материјални трошоци на родителите во ОЈУДГ „Астибо“-Штип | 356 |
| 311. | Решение за објавување на Одлука за техничка исправка на Детален урбанистички план за Јужен реон-2 дел од УБ 5, УМ број 1 и 2 | 357 |
| 312. | Одлука за техничка исправка на Детален урбанистички план за Јужен реон-2 дел од УБ 5, УМ број 1 и 2 | 357 |
| 313. | Решение за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2020 година | 358 |
| 314. | Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2020 година | 359 |
| 315. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Штип за периодот од 01.01.2020 до 30.06.2020 година | 360 |
| 316. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Штип за периодот од 01.01.2020 до 30.06.2020 година | 361 |
| 317. | Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Штип за периодот од 01.01.2020 до 30.06.2020 година | 362 |
| 318. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Штип за 2021 година | 389 |
| 319. | Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Штип за 2021 година | 389 |
| 320. | Решение за определување координатор за еднакви можности во ЕЛС Општина Штип | 390 |

283.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ
ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ

I

Се објавува Решението за престанок на мандат на Сашко Николов.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3763/2 Општина Штип
24 август 2020 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

284.

Врз основа на член 8 став 2 од Изборниот законик („Службен весник на РМ“ 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 146/19, 42/20), член 46 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14) и член 32 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 07/05), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 август 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ

Член 1

На **Сашко Николов** избран за член на Советот на Општина Штип од СДСМ со коалиционите партнери му престанува мандатот на член на Советот на Општина Штип, поради неспојливост на функциите согласно член 8 став 2 од Изборниот законик.

Член 2

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-3763/1
24 август 2020 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Јане Миланов, с. р.

285.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ
ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ

I

Се објавува Решението за престанок на мандат на Иван Јорданов.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3764/2
24 август 2020 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски, с. р.

286.

Врз основа на член 8 став 2 од Изборниот законик („Службен весник на РМ“ 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 146/19, 42/20), член 46 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 1/14) и член 32 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на

Општина Штип” број 07/05), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 август 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ

Член 1

На **Иван Јорданов** избран за член на Советот на Општина Штип од ВМРО-ДПМНЕ со коалиционите партнери му престанува мандатот на член на Советот на Општина Штип, поради неспојливост на функциите согласно член 8 став 2 од Изборниот законик.

Член 2

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-3764/1 | Совет на Општина Штип
24 август 2020 година | Претседател
Ш т и п | Јане Миланов, с. р.

287.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ИЗБОР НА
ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ВЕРИФИКАЦИОНА КОМИСИЈА

I

Се објавува Решението за избор на претседател и членови на Верификациона комисија.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3765/2 | Општина Штип
24 август 2020 година | Градоначалник
Ш т и п | Благој Бочварски, с. р.

288.

Врз основа на член 11 став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/05), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 август 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ
НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА НА
СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

1. За претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општина Штип, **се избираат**:

1. за претседател:
- **Слободанка Момчилова**

2. за членови:
- **Сашо Ѓоргиев**
- **Љубе Здравков**

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3765/1 Совет на Општина Штип
24 август 2020 година Претседател
Ш т и п Јане Миланов, с. р.

289.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ НА
ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА
НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Извештајот на Верификационата комисија за верификација на член на Советот на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3766/2 Општина Штип
24 август 2020 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

290.

Комисијата за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Штип, врз основа на издадените уверенија за избрани членови на Советот на Општина Штип број 10-133/1 и 10-134/1 од 12 август 2020 година на Општинската изборна комисија-Штип, го поднесува следниот

И З В Е Ш Т А Ј
ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТИТЕ НА
ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА
ОПШТИНА ШТИП

I. Согласно одредбите на член 34 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), Советот на Општина Штип го сочинуваат 23 членови.

II. Од известувањето на Општинската изборна комисија Штип е утврдено дека нови членови на Советот на Општина Штип согласно утврдените кандидатски листи за советници на Локалните избори 2017 година се Георѓи Димов од СДСМ со коалиционите партнери и Мемет Ѓулбаки од ВМРО-ДПМНЕ со коалиционите партнери.

III. Верификационата комисијата утврди дека издадените уверенија за членови во Советот на Општина Штип се во согласност со член 37 став 4 точка 4 од Изборниот законик („Службен весник на РМ“ број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 146/19 и 42/20), па затоа му предлага на Советот да го верифицира мандатот на следните членови на Советот:
1. Георѓи Димов
2. Мемет Ѓулбаки

IV. Во прилог на овој Извештај Ви се доставуваат уверенијата на избраните членови на Советот.

Број 08-3766/1
24 август 2020 година
Ш т и п

Претседател
Слободанка Момчилова, с. р.
Членови:

Сашо Ѓоргиев, с. р.

Љубе Здравков, с. р.

291.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА
НА МАНДАТ

I

Се објавува Решението за верификација на мандат на Георѓи Димов и Мемет Ѓулбаки.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3767/2
24 август 2020 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Благој Бочварски, с. р.

292.

Врз основа на член 34 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 18 и 20 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), член 11 став 1 и член 9 став 1 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/05), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 август 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТИТЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

1. Се верифицираат мандатите на членовите на Советот на Општина Штип:
   1. Ѓеорѓи Димов
   2. Мемет Ѓулбаки

2. Свечената изјава на членовите на Советот е составен дел на ова Решение.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3767/1 Совет на Општина Штип
24 август 2020 година Претседател
Ш т и п Јане Миланов, с. р.

293.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ
НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за дополнување на Деловникот за работа на Советот на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3768/2 Општина Штип
24 август 2020 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

294.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 2 од Статутот на

Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 август 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Во Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/05) во глава V. Седници на Советот, по точката 10 се додава нова точка 11 која гласи: „11. Одржување на седница со употреба на комуникациски средства“ .

Во точката „11. Одржување на седница со употреба на комуникациски средства“ се додават следните членови: член 60-а, член 60-б, член 60-в, член 60-г, член 60-д и член 60-ѓ, кои гласат:

„Член 60-а

Претседателот на советот може да свика и да раководи со седницата на советот и со употреба на комуникациски средства (телефон или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки).“

„Член 60-б

За одржување на седница на совет, членовите на советот ќе се известат со телефонски повик, смс-порака или по електронски пат преку e-mail порака, благовремено.“

„Член 60-в

Во случај на одржување на седница со употреба на комуникациски средства, поканата со дневниот ред и материјалите за седницата на советот се доставуваат на службена електронска адреса на членовите на советот или на алтернативната функционална електронска адреса која членовите на советот се должни да ја достават до претседателот на советот.“

„Член 60-г

Во случај на спреченост или отсуство на претседателот на советот, со седницата на советот раководи член на советот, овластен од претседателот.“

„Член 60-д

Во случај на одржување на седница со употреба на комуникациски средства, гласањето по правило се одвива по пат на поименично изјаснување на секој од членовите на советот кои се најавени на седницата, освен ако советот не одлучи поинаку.“

„Член 60-ѓ

За текот на седницата на советот со употреба на комуникациски средства, задолжително се води записник, кој се објавува на веб страната на општината.“

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3768/1
24 август 2020 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Јане Миланов, с. р.

295.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА РЕДОВНО АЖУРИРАЊЕ
НА „ПРОЦЕНАТА НА ЗАГРОЗЕНОСТА НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ОПШТИНА ШТИП ОД СИТЕ РИЗИЦИ И ОПАСНОСТИ“

I

Се објавува Одлуката за редовно ажурирање на „Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Штип од сите ризици и опасности“.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3769/2
24 август 2020 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски, с. р.

296.

Врз основа на член 5 став 2 алинеја 2 од Законот за управување со кризи („Службен весник на РМ“ број 29/05, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16), член 14 од

Уредбата за Методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината структура, начинот на чување и ажурирање, како и определување на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената („Службен весник на РМ“ број 13/11) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 август 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РЕДОВНО АЖУРИРАЊЕ НА „ПРОЦЕНАТА
НА ЗАГРОЗЕНОСТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП
ОД СИТЕ РИЗИЦИ И ОПАСНОСТИ“

Член 1

„Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Штип од сите ризици и опасности“, донесена од Советот на Општина Штип со Заклучок број 07-8954/1 од 25.12.2014 („Службен гласник на Општина Штип“ број 13/14), ќе биде ажурирана.

Член 2

Редовното годишно ажурирање на „Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Штип од сите ризици и опасности“ ќе го изработи Регионалниот центар за управување со кризи-Штип.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3769/1
24 август 2020 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Јане Миланов, с. р.

297.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ
СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

НА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА КУЛТУРА
„ДОМ НА МЛАДИ“-ШТИП ЗА 2021 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општинска установа за култура „Дом на млади“-Штип за 2021 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3770/2 Општина Штип
24 август 2020 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

298.

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3 и став 2 од Законот за јавниот сектор („Службен весник на РМ“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 август 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН
ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА КУЛТУРА
„ДОМ НА МЛАДИ“-ШТИП ЗА 2021 ГОДИНА

Член 1

Се дава согласност на Годишниот план за вработување на Општинска установа за култура „Дом на млади“-Штип за 2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Годишниот план за вработување на Општинска установа за култура „Дом на млади“-Штип за 2021 година со архивски број 0102-115/1 од 10 август 2020 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3770/1
24 август 2020 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Јане Миланов, с. р.

299.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ
НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА
ЈП „ИСАР“-ШТИП ЗА 2021 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈП „Исар“-Штип за 2021 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3771/2
24 август 2020 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски, с. р.

300.

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3 и став 2 од Законот за јавниот сектор („Службен весник на РМ“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 август 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН
ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП „ИСАР“-ШТИП
ЗА 2021 ГОДИНА

Член 1

Се дава согласност на Годишниот план за вработување на ЈП „Исар“-Штип за 2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Годишниот план за вработување на ЈП „Исар“-Штип за 2021 година број 04-603/2 од 13 август 2020 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3771/1
24 август 2020 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Јане Миланов, с. р.

301.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ
НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА
ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП ЗА 2021 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈП „Стипион 2011“-Штип за 2021 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3772/2
24 август 2020 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски, с. р.

302.

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3 и став 2 од Законот за јавниот сектор („Службен весник на РМ“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 август 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН
ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП
ЗА 2021 ГОДИНА

Член 1

Се дава согласност на Годишниот план за вработување на ЈП „Стипион 2011“-Штип за 2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Годишниот план за вработување на ЈП „Стипион 2011“-Штип за 2021 година број 0403-188/1 од 18 август 2020 година.

Член 3

Средствата за реализација на Годишниот план за вработување ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Штип за 2020 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3772/1
24 август 2020 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Јане Миланов, с. р.

303.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ

ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ НА
УЧЕНИЦИ И ФОРМИРАЊЕ НА КОМБИНИРАНИ ПАРАЛЕЛКИ
ВО ООУ „ВАНЧО ПРКЕ“-ШТИП ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици и формирање на комбинирани паралелки во ООУ „Ванчо Прке“-Штип во учебната 2020/2021 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3773/2 Општина Штип
24 август 2020 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

304.

Врз основа на член 53 став 5 и 8 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 161/19) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 август 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ
СО ПОМАЛ БРОЈ НА УЧЕНИЦИ И ФОРМИРАЊЕ НА
КОМБИНИРАНИ ПАРАЛЕЛКИ ВО ООУ „ВАНЧО ПРКЕ“-ШТИП
ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

Член 1

Се дава согласност за формирање паралелки со помал број на ученици и формирање на комбинирани паралелки во ООУ „Ванчо Прке“-Штип во учебната 2020/2021 година, и тоа:

1. Во централното училиште:

- Паралелки со помал број на ученици:
  - шест паралелки во прво одделение,
  - две паралелки во трето одделение,
  - две паралелки во четврто одделение,
  - две паралелки во шесто одделение,
  - три паралелки во седмо одделение,

- три паралелки во осмо одделение и
- четири паралелки во деветто одделение.

- Посебни паралелки:
- една во шесто одделение,
- една во седмо одделение,
- една во осмо одделение и
- една во деветто одделение.

- Комбинирани паралелки со попреченост:
- една паралелка од второ и трето одделение во посебни одделенија-лесна попреченост,
- една паралелка од четврто и петто одделение во посебни одделенија-лесна попреченост,
- една паралелка од четврто и петто одделение во посебни одделенија-аутизам,
- една паралелка од шесто, осмо и деветто одделение во посебни одделенија-аутизам и
- една паралелка од четврто, шесто, седмо и осмо одделение во посебни одделенија-мултихендикеп.

2. Во подрачното училиште во Ново Село по една паралелка со помал број на ученици во прво, второ, трето, четврто, петто, шесто, седмо и осмо одделение.

3. Во подрачното училиште во село Селце една комбинирана паралелка од прво, второ и трето одделение и една комбинирана паралелка од четврто и петто одделение.

4. Во подрачното училиште во село Лакавица една комбинирана паралелка од прво и трето одделение и една комбинирана паралелка од четврто и петто одделение.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“, а ќе важи по добиено позитивно мислење од Министерство за образование.

| | |
|---|---|
| Број 08-3773/1 | Совет на Општина Штип |
| 24 август 2020 година | Претседател |
| Ш т и п | Јане Миланов, с. р. |

305.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ НА
УЧЕНИЦИ ВО СОУ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“-ШТИП ВО
УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Јане Сандански“-Штип во учебната 2020/2021 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3774/2 Општина Штип
24 август 2020 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

306.

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 61/17, 67/17 и 64/18) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 август 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПАРАЛЕЛКИ
СО ПОМАЛ БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ВО СОУ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“-ШТИП
ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

Член 1

Се дава согласност за формирање на паралелки во прва година со помалку од 25 ученици во СОУ „Јане Сандански“-Штип во учебната 2020/2021 година, и тоа:

- Една паралелка од профил: забен техничар
- Една паралелка од профил: фармацевски техничар
- Две паралелки од профил: физиотерапевтски техничар.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“, а ќе важи по добиено позитивно мислење од Министерство за образование.

Број 08-3774/1 | Совет на Општина Штип
24 август 2020 година | Претседател
Ш т и п | Јане Миланов, с. р.

307.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ
ОД ПЛАЌАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ НА
РОДИТЕЛИТЕ ВО ЈУДОДГ „ВЕРА ЦИРИВИРИ-ТРЕНА“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на материјални трошоци на родителите во ЈУДОДГ „Вера Циривири-Трена“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3775/2 | Општина Штип
24 август 2020 година | Градоначалник
Ш т и п | Благој Бочварски, с. р.

308.

Врз основа на член 191 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14,10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 104/19, 146/19 и 275/19) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 август 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ
НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ЈУДОДГ „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“ ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука родителите на децата згрижени во ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“ Штип за месеците: април, мај, јуни, јули и август 2020 година се ослободуваат од плаќање на материјалните трошоци утврдени во член 4 став 1 точка 2 од „Правилникот за утврдување на цените и услугите што ги дава ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“ Штип, за износот и надоместокот на трошоците за престој на деца во установата што паѓа на товар на родителите“ број 02-541/3 од 27.08.2020 година.

Член 2

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот, на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3775/1 Совет на Општина Штип
24 август 2020 година Претседател
Ш т и п Јане Миланов, с. р.

309.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ
ОД ПЛАЌАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ НА
РОДИТЕЛИТЕ ВО ОЈУДГ „АСТИБО“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на материјални трошоци на родителите во ОЈУДГ „Астибо“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-3776/2
24 август 2020 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски, с. р.

310.

Врз основа на член 191 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14,10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 104/19, 146/19 и 275/19) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 август 2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ОЈУДГ „АСТИБО“ ШТИП

### Член 1

Со оваа Одлука родителите на децата згрижени во ОЈУДГ„АСТИБО“ Штип за месеците: април, мај, јуни, јули и август 2020 година се ослободуваат од плаќање на материјалните трошоци утврдени во член 4 став 1 точка 2 од „Правилникот за утврдување на цените и услугите што ги дава ОЈУДГ „АСТИБО“ Штип за износот и надоместокот на трошоците за престој на деца во установата што паѓа на товар на родителите“ број 03-355/1 од 10.09.2019 година.

### Член 2

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот, на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3776/1
24 август 2020 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Јане Миланов, с. р.

311.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА
НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЈУЖЕН РЕОН-2
ДЕЛ ОД УБ 5, УМ БРОЈ 1 И 2

I

Се објавува Одлуката за техничка исправка на Детален урбанистички план за Јужен реон-2 дел од УБ 5, УМ број 1 и 2.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 09-3777/2 | Општина Штип |
| 24 август 2020 година | Градоначалник |
| Ш т и п | Благој Бочварски, с. р. |

312.

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 32/20) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 24 август 2020 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА ЈУЖЕН РЕОН 2 ДЕЛ ОД УБ 5, УМ БРОЈ 1 И 2

Член 1

Во Деталниот урбанистички план за Јужен реон 2 дел од УБ 5, УМ број 1 и 2 донесен со Одлука на Совет на Општина Штип број 0701-2151/1 од 22.12.2004 година, се врши усогласување на параметрите на табеларниот дел со графичкиот приказ, така што во синтезниот план табеларниот преглед:

„

| НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр | Намена | мах. Висина | површина на парцел м2 | п (м2) градба | нето п(м2) развиена | Про. на изград % | Коеф. на искор. | Бр. на парк. места |
| 1.17 | СК | Н=10.2м | 290.91 | 174.20 | 522.60 | 60.00% | 1.8 | 5 |
| 1.17а | СК | Н=10.2м | 276.82 | 150.13 | 460.00 | 55.00% | 1.7 | 5 |
| 1.18 | СК | Н=10.2м | 275.90 | 165.00 | 495.00 | 60.00% | 1.8 | 5 |
| 1.19 | СК | Н=10.2м | 265.60 | 118.00 | 354.00 | 44.40% | 1.3 | 3 |

“ се менува и гласи:

„

| НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр | Намена | мах. Висина | површина на парцел м2 | п (м2) градба | нето п(м2) развиена | Про. на изград % | Коеф. на искор. | Бр. на парк. места |
| 1.17 | СК | Н=10.2м | 290.62 | 184.34 | 737.36 | 63% | 2.5 | 7 |
| 1.17а | СК | Н=10.2м | 277.55 | 150.86 | 603.44 | 54% | 2.2 | 6 |
| 1.18 | СК | Н=10.2м | 275.48 | 169.09 | 676.36 | 61% | 2.5 | 7 |
| 1.19 | СК | Н=10.2м | 277.03 | 117.94 | 471.76 | 43% | 1.7 | 5 |

“ .

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3777/1
24 август 2020 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Јане Миланов, с. р.

313.

